РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВЕЛЕС
Примено: 25-03-2025
Орг. един. | Број | Прилог | Вредност
26-1937/1 | 1

До: Општина Велес
Градоначалник на Општина Велес

БАРАЊЕ ЗА ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер барам писмено да ми се одговори на следните барања и поставени прашања:

1. Дали Општина Велес има склучено договор за проверка и сервисирање на ПП апарати и ПП хидранти во сите установи кои се во надлежност на општината. Дали објектите на основните училишта, детските градинки и останатите општински установи имаат противпожарна опрема и кога последен пат се проверени (испитани) противпожарните апарати и против пожарните хидранти?

2. Дали Општина Велес поседува техничка документација за секој објект во надлежност на општината (згради, основни училишта и градинки) за брза евакуација при евентуални пожари поплави или земјотреси?

3. Дали сите училишта и останати установи под надлежност на Општина Велес поседуваат важечки Елаборат за заштита од пожари и План за евакуација?

4. Барам да ми се достави детален извештај за активностите во последните три години на Локалниот совет за превенција.

5. Барам да се детектираат јавните објекти каде има поголема фреквенција од луѓе (како клубови, кафичи, културни домови, училишта и слично) и истите да се евалуираат во однос на нивната безбедност и легалност;

6. Дали овие јавни објекти кореспондираат во реалноста на нивната дејност со категоризацијата на ДУП-от?

7. Дали овие јавни објекти имаат лиценца за работа?

8. Дали овие јавни објекти ги исполнуваат безбедносните протоколи според Законот за градење и Правилникот за урбанистичко планирање и проектирање?

9. Дали овие јавни објекти поседуваат Елаборат за заштита при работа и План за евакуација при пожар и дали тој е истакнат на видно место во објектот (што е обврска на работодавачот врз основа *Законот за заштита при работа*)

10. Барам да ми се достави список со сите инспектори кои се под надлежност на Општина Велес, како и да ми се достави Извештај за работата за претходната 2024 година на инспекторатот за урбанизам и градежништво

11. Барам да ми се достави Регистарот на категоризирани угостителски објекти на територија на Општина Велес.

12. Да ми се достави Извештај колку дивоградби во моментот има во општината и кои се нивните локации?

13. Барам да се изврши ревизија на сите веќе одобрени елаборати од страна на општината во последните три години

14. Дали општината врши теренски проверки за потврдување на веродостојноста на одобрените елаборати?

15. Дали е извршен вонредниот инспекциски надзор после трагедијата во Кочани на сите барови, кафичи и дискотеки и сл. на територија на општината и што е констатирано до сега?

[redacted]

[redacted]